# 1100 години стар писмен код

Развојот на цивилизацијата и воопшто на човекот неизбежно е поврзан со умствениот едукативен процес. Како израз на умствениот напредок се јавува потребата од одгатнување на тајната на зборот, откривање на зборовниот код со кој се овозможува полесна комуникација со сите оние што сакаат да го запознаат тој знак, да го поседуваат во својата свест и совест како израз на сопственото постоење, но и како одраз на општествената култура.

Оваа тајна ја загатнувал, ја одгатнувал, ја раскажувал човекот за да дојде до заклучок дека таа е бесконечна, нè раздвижува, нè спојува во време и во простор, нè води до сознанија и до решенија. И така зборот станува клучот кој ги ослободува духовното и културното, претставува филозофско-сознајна сфера за универзумот, патоказ во развојот на човековата мисла.

Патот на свети Климент Охридски, нашиот одгатнувач на тајната на зборот, се исцртува уште во Моравската мисија на светите Кирил и Методиј, од која тој излегува како доследен и образован мисионер. Во 886 година, ја создава Охридската книжевна школа како сознаен центар во кој, како нејзин прв учител и просветител, го предава писмениот код на македонското население.

Климент им раскажувал на своите ученици за божјите писанија и посланија, ги водел кон едно меѓусебно сплотување на духовно и на културно ниво, но и ги подучувал на секојдневниот живот, како да ја скротат природата и да ги искористат нејзините благодети, ги подучувал како да ја изградат својата куќа и да ја претворат во топол дом, во пријатно место каде што зборовите на најблиските ќе ги топлат срцата.

Климент Охридски, создателот на нашиот писмен збор, ја покорил неписменоста на народот на кој тој му припаѓал и му го предал клучот од најголемото богатство на овој свет: зборот. Климент бил светлата водилка низ мракот на незнајноста, светлиот патоказ кон непознатите патеки на зборот. Благодарение на неговата благородна просветителска дејност, денес имаме 31 буква со чија помош создаваме преку 100 000 зборови и ги користиме како поврзувачки мостови меѓу луѓето. Го искажуваме сето она што го мислиме, ги изразуваме нашите емоции, пишуваме на парче хартија, се допишуваме со секого и во секое време, во секој дел од светот, пуштајќи ги нашите зборови во бескрајното пространство на универзумот.

Она што творецот на старата македонска книжевност го направил со својата богата учителско-просветителска дејност останува како трајна придобивка на

македонската историја и култура, претставува вткаена нишка во јадрото на она што денес ја чини нашата култура, историја и традиција, нè прави денес нас достојни наследници и пренесувачи на словото што Климент го оживотворил на овие наши простори, ставајќи нè во редот на народите со илјадагодишна писмена традиција.

Понекогаш се запрашувам како би функционирала сегашноста без постоењето на тој писмен код. Веројатно би стоеле некаде помеѓу настанокот на човекот и создавањето оган со триење на две камчиња, а меѓусебната комуникација би се одвивала со мимики и со гестови. Нашите мисли би биле во безредие, би се вртеле како ураган во нашите глави, заглавени во таа мозочна кутија. Сите идеи би биле онеспособени да ја остварат својата цел: да направат некого среќен, да предизвикаат восхит, да искажат почит и внимание, да подарат љубов.

Горда сум што денес мојот Универзитет го носи името на еден толку голем човек. Тоа ми претставува поттик да се нурнам во длабочините на морето од знаење, ме турка напред кон непознатото и не ми дозволува да запрам, го брка стравот и ги прескокнува сите граници, не дозволува да згасне желбата за спознавање нови работи и за надградување на самата себе како личност.

Климент Охридски е вдахновен во нашата мисла и всаден во нашето битие како нешто свето, величествено, единствено и македонско. По повод 1100 години од неговото упокојување, би предложила да се поучиме од силата на неговиот збор со кој тој им се обраќал на своите слушатели: „Да живееме браќа во чистота и љубов искрена, да се откажеме од секое зло и со добри дела да се украсиме.“

Шифра: Еверест